roma index

Бр.3 / 2016

АНАЛИЗА

РОМИТЕ ДА ИЗБЕРАТ ЗА СВОИТЕ ИНТЕРЕСИ

ИНТЕРВЈУ

РОМА (УНИ) ВЕРЗИТАС – ТЕНДЕНЦИЈА ДА СЕ БИДЕ ЕДНО

КОМЕНТИРАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ

ПОДОБРО УТРЕ НАША ОДГОВОНОСТ

Содржина

2 **Инфо**
Работилници
Дипломирани студенти Роми
Партиципација на Универзитетот "Гоце Делчев"

4 **Коментирам значи постојам**
Подобро утре ваша одговорност

5 **Топ тема**
Студентите – управувачи на бродот

6 **Интервју**
Рома(уни)верзитас – тенденција да се биде едно

8 **Рома Индекс советува**
Славете и внимавајте: Бурни ноќи, тешки денови

9 **Рома Индекс препорачува**
ADBLOCK – Најкорисна алатка за Chrome

10 **Рома Индекс застапува**
Туторска поддршка за основците

11 **Анализа**
Ромите да изберат за своите интереси

14 **Ромски идентитет**
Ромските книжевни дела
Ромски речник

14 **Разговор со.....**
Следете ги вашите соништа

За издавачот:

Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС"
- ISSN 2545-4005

Новинари:

Одговорен Уредник за Рома Индекс бр.3 *Кенан Таир, студент на Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство*

Џемилиана Абдулова, студент на Правниот Факултет

Елсон Иљаз, студент на Факултет за туризам и бизнис логистика

Алмира Фасљиц, студент на Правниот Факултет

Мухамед Ајваз, студент на Филозофски Факултет

Сабина Рустемовска, студент на Медицински факултет

Сумеа Рахим, студент на Медицински факултет

Лебишка Селоска, студент на Филолошки факултет

Проектен тим на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС":

Силхан Саитов, Проектен менаџер
Сеара Сулејман-Османи, Финансиски асистент
Шенај Османов, Локален проектен координатор во Штип
Дениз Исмаили, Локален проектен координатор во Тетово

Контакт:
Адреса „11 октомври" бр.18/7, 1000 Скопје
Телефон: 076/225568
E-mail: office@romaversitas.org.mk

Инфо

ОДРЖАНА РАБОТИЛНИЦА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТ И НОВИНАРСКО ИЗРАЗУВАЊЕ

Пишување вест, новинарски жанрови, јавност и јавно мислење беа дел од темите за кои се дискутираше на работилницата „Комуникација со јавност и новинарско изразување". На работилницата, одржана на 22 Октомври, учествуваа дваесетина студенти, а обуката ја спроведоа

м-р Тодор Стојчевски и Елвис Мемети. Притоа, се користеа работа во групи и дискусија на учесниците меѓу себе и со говорниците, со што работилницата беше многу интересна и поучна за сите учесници. Од оваа работилница произлегоа и новите новинарски имиња кои веќе пишуваат во Рома Индекс. Работилницата се одржа во просториите на Ромаверзитас, со поддршка од РЕФ.

ЗАПИШАНИ СТУДЕНТИ VS. ДИПЛОМИРАНИ

Рома Индекс го презентира извештајот "Успешноста на Декадата на Ромите во високото образование" од авторот Џенифер Џеладин, каде што за прв пат се врши синтеза за бројот на запишани и дипломирани студенти.

Како што може да се забележи од горе прикажаните податоци, бројот на дипломирани студенти значително се намалува и укажува на фактот дека ромските студенти се соочуваат со проблеми при премин од една во друга година, или пак значително голем број на студенти се откажуваат откако ќе се запишат на факултет. Највисок број на ромски студенти имаме во 2013 година, дури 233 додека најмал број на студенти во 2015 година, со 168. Интересно е да се забележи дека, бројот на студенти се намалува особено во последните години. Загрижувачки е фактот дека во 2014 година има само 17 дипломирани студенти. Овие бројки покажуваат дека сите засегнати страни, почнувајќи од ромските студенти, Ромаверзитас, ромски НВО-и, МОН, РЕФ, треба да преземат дополнителни акции од идентификација на потребната поддршка во рамките на студирање до мерки кои ќе ја зголемат мотивацијата на студентите.

Податоците покажуваат дека од 2010 до 2016 година, на факултет се запишале 1,236 ромски студенти, додека заклучно со 2014 дипломирале само 139 студенти.

Податоците за 2014 и 2015, се преземени од Државниот завод за статистика, додека останатите се од истражувањето.

РОМСКИ БУКВАР

Буквар на ромски јазик беше промовиран на 12 ноември 2016 година во просториите на литературното кафе „Метаноја" во Скопје. Автор на букварот е Севдија А. Демирова, која на промоцијата рече дека со оваа книга, на

забавен и едукативен начин, се изучува секоја буква со посебна песничка со што, ромските деца ќе ја научат ромската абецеда. Според Демирова, оваа книга е и за нивните другарчиња од други етнички заедници, бидејќи содржи и песнички на македонски јазик и мини речник. Букварот на ромски јазик е подржан од Владата на Република Македонија

РОМСКИТЕ СТУДЕНТИ НЕ ПЛАЌААТ ПАРТИЦИПАЦИЈА ВО ПРВА ГОДИНА

Сите запишани студенти Роми во прв и втор семестар на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се ослободени од плаќање партиципација.

Со оваа иницијатива, Универзитетот дава поддршка на студентите Роми и на студентите од социјално загрозените семејства. Од плаќање се ослободени и лица без родители, лица со прв степен инвалидитет, воени инвалиди и лицата растени во домови за напуштени деца. Најголем број од ромските студенти се запишани на Правниот факултет и Факултетот за образовни науки, но покажуваат интерес и за природните науки.

УСПЕШНО ЗАВРШЕН КУРС ПО КОМПЈУТЕРИ

Повеќе од 40 студенти Роми завршија курс по компјутери. Во текот на октомври и ноември, во просториите на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" во Скопје, Тетово и Штип, студентите учеа како да ги подобрат своите вештини за работа со компјутери, односно да се стекнат со основни и

напредни вештини за работа со програмите Microsoft Word, Excel и Power Point 2013. По завршувањето на курсот, со сертификат за успешно завршен курс по компјутери се стекнаа 42 студенти од Скопје, Тетово и Штип. Овие курсеви по компјутери се дел од проектот „Ромаверзитас – академска и друга поддршка на студенти Роми во Македонија", кој е финансиски поддржан од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ), Будимпешта.

КАЛЕНДАР НА АКТИВНОСТИ НА РОМАВЕРЗИТАС

2016 / 2017	2016 / 2017
ТУТОРСТВО	ЛИТЕРАТУРА
Ное/ Дек 2016	Декември 2016
КУРС ПО КОМПЈУТЕРИ	РАБОТИЛНИЦА МЕТОДОЛОГИЈА НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЊЕ
Фев 2017	Фев – Апр 2017
ОБУКА ПРОЕКТЕН ЦИКЛУС	КУРС ПО СТРАНСКИ ЈАЗИЦИ
Фев 2017	Март 2017
РАБОТИЛНИЦА ТЕХНИКИ ЗА АКАДЕМСКО ПИШУВАЊЕ	РАБОТИЛНИЦА РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ
Април 2017	8ми Април 2017
РАБОТИЛНИЦА РОМСКИ ИДЕНТИТЕТ	ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА РОМИТЕ
Април 2017	Април 2017
РАБОТИЛНИЦА КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ	РАБОТИЛНИЦА ПРЕЗЕНТАЦИСКИ ВЕШТИНИ

ЕФЕКТИВНО МЕНАЏИРАЊЕ НА ВРЕМЕТО

Студенти – стипендисти на Ромаверзитас од Штип, Тетово и Скопје учествуваа на еднодневна работилница на тема „Менаџирање на време за ефективно учење". Работилницата се одржа на 26 ноември 2016 година од страна на доцент д-р Лазар Ѓуров.

Притоа, учесниците учеа како да бидат свесни за клучната важност на менаџмент на време во нивниот професионален успех и исполнетост и среќа на приватен план , да научат успешно да дефинираат животни улоги и да ги подредат по приоритет, да дефинираат долгорочни, среднорочни и краткорочни цели за секоја од нивните животни улоги, како и да креираат То DO листа и да се оспособат да ги препознаат „крадците" на време и успешно да ги елиминираат.

Автори: Алмира Фасљии & Сумеа Рахим

Коментирам значи постојам

ПОДОБРО УТРЕ - НАША ОДГОВОРНОСТ

Ако нешто ти недостига, позајми го тоа од себе. Кога велиме себе не мислиме на нечија индивидуалност, што ќе го увидите на крајот од овој текст. Кога велиме себе всушност мислиме на нас, Ромите. А кога веќе сме кај нас, тоа е тема за бескрајно полемизирање околу што и како треба да се прави за нам како народ да ни биде подобро. Еве како ние гледаме на тоа. Ќе почнеме со нашата дефиниција за лидерството и водењето промени: *„Лидерството е уметноста на преземање одговорност за водење на групата кон остварување на заедничката цел во услови на неизвесност*". А има ли нешто понеизвесно од тоа каков ќе биде животот и општествениот статус на нашите деца и внуци во иднина?

Поради тоа нашите семејства **инвестираат во нас и не' поддржуваат**. Лидерството во нас не се гради само преку работилници, семинари и користењето на модерните медиуми, тоа се гради преку осмислено делување за остварување на одреден резултат. И да, не постои негативен резултат или неуспех, постои само успех и повратна информација (научена лекција). Ние веруваме во неколку принципи на лидерството: идеализирано влијание, инспирација, интелектуална стимулација и индивидуален коучинг. Овие принципи придонесуваат за созревање на поединците и одење преку личниот интерес-самоактуелизација и грижа за подобро утре за сите. Така ја градиме меѓузависноста и потребата од колективно делување.

На сите нам ни се случило да ни биде кажано: „Секоја чест, да има повеќе такви како тебе, ситуацијата би била поинаква" доколку на сите ни било кажано, тоа, значи дека сме доволно на број за ситуацијата да биде поинаква. Она што е потребно е да се *осмелиме и да поминеме преку егото и како млади лидери да дозволиме некогаш да бидеме поддржувачи, некогаш водачи на промените*. **Но треба да сме постојано тука. Ние сме единствената надеж на нашиот народ. Нашиот народ се надева во нас.**

Сите ние со самата одлука да придонесеме кон подобрувањето на статусот на Ромите свесно сме ја прифатиле одговорноста на мисијата да бидеме креатори на подоброто утре: Утре кое претставува **еднаков пристап до сите добра и услуги како и останатите.** Утре во кое нема да чекаме со наведната глава додека другите влегуваат во ординација преку ред. Утре во кое нема да слушаме *„ти не си како другите кај вас*". Утре во кое нема да мораме да се расправаме со сопственици на угостителски објекти зошто не им дозволиле на нашите пријатели да влезат и да бидат на исто место со другите само затоа што се Роми. Утре во кое ќе имаме парламентарна група која по секоја цена ќе работи во интересот на заедницата, итн.

Ние сме генерацијата која сноси **морална одговорност за остварување на тоа подобро утре и мораме да работиме заедно и да се поддржуваме по секоја цена, дури и кога не се согласуваме едни со други**. Нашето единство ќе го даде посакуваниот резултат: развојот на лидерството кај секој припадник од нашата заедница, поголема моќ на влијание и поголеми промени. Кога еднаш ќе ја напуштиме нашата комфорна зона, ќе сфатиме дека заедно можеме се' да остваримe. Од нашите скромни активистички, протестни и бунтовнички искуства, научивме дека лидерот треба да биде предизвикувачот на перманентна конфронтација, што ќе дестабилизира надвор за исходот да биде внатрешна стабилизација.

Нашата цел е достигнување на извонредност, индивидуална и колективна. Индивидуална извонредност како сите имиња од историјата на чии животни дела се восхитуваме, колективна извонредност како сите народи, движења и организации кои го сменила светот.

За крај, ние како народ сме извонредни. Сами, без никој друг нашите предци преживеале на маргините на општеството со векови. Геноциди, ропство, протерувања, секакви политички неправди. Редот е на нас, таа колективна извонредност на преживување да ја трансформираме во заеднички акции преку кои ќе стигнеме до колективна извонредност на влијание, позитивни промени, и подобро утре**. Изборот е наш, а и одговорноста**."

Автор: Тимот на здружение за јакнење и организирање на ромската заедница **"Романо Авази"**

Топ тема

СТУДЕНТИТЕ ДА БИДАТ УПРАВУВАЧИ НА БРОДОТ

Бројот на студенти Роми кои се вклучуваат во одредени организирани форми на делување, континуирано расте. Овој факт укажува на тоа дека студентите се потенцијална движечка сила и нова генерација млади, едуцирани и успешни личности, на кои се надева целата Ромска заедница. Во нив се рефлектира светлото на крајот на тунелот. Во однос на изборот на студии, студентите Роми се дисперзирани во различни области, што само по себе укажува дека се зголемува бројот на различен кадар. Ова, всушност, е спроти тврдењата дека Ромите не се вработуваат затоа што нема доволно едуциран кадар. Од друга страна, гласот на студентите Роми не може да се слушне. Тие како да не се свесни за својата моќ или немаат доволно простор да ги искажат своите потреби и незадоволства.

Ние, како Рома Индекс, кој е глас на студентите Роми, направивме истражување со анкетен прашалник во однос на проблемите, потребите и барањата на студентите од политичарите, од функционерите. Анализата покажа дека дури 68% од студентите се незадоволни и со неисполнети барања од страна на политичарите и функционерите.

Кога се анализираат проблемите со кои се соочуваат студентите, несомнено доминира неизвесноста за вработување по дипломирањето. Затоа, тврдо и јасно изразуваат несогласување со партиските вработувања и велат дека заслужуваат еднакви можности. Според нив, само компетентноста, а не партиската книшка, треба да биде критериум кој ќе одлучи кој ќе биде вработен.

Во однос на студирањето, главни проблеми со кои се соочуваат студентите се недоволната практична настава, висината на партиципацијата, административните трошоци и недоволно квалитетните простории за одржување на предавањата. Проблем е и немањето можност да се вклучат во донесувањето одлуки кои ги засегаат младите, како и недоволниот дијалог на релација: студенти - претставници на институции.

Истражувањето покажа дека, во поглед на образовниот систем, студентите бараат намалување на партиципацијата и на административните трошоци, можност за платена практична работа, можности за вработување и подобри услови за студирање (опременост на предавални, библиотеки и лаборатории). Студентите коишто живеат надвор од Скопје бараат да се намалат патните трошоци. Исто така, младите Роми бараат фокусот да биде ставен на студентите, да се охрабруваат, да се поддржуваат и да се промовираат заслужни студенти.

Од сето ова заклучуваме дека студентите имаат капацитет и потенцијал да придонесуваат на различни полиња во функционирање на системот. Неопходно е, ромските политички лидери да ги вклучуваат студентите Роми во процесите на донесување одлуки. Постојат различни можности за да се овозможи ова. Ние предлагаме да се направи Младински совет во општините, составен од млади студенти и дипломирани Роми. Друго решение за оние коишто веќе се вклучени во политички партии е да добијат можност за почитување и вреднување на нивниот глас.

Дури 77 отсто од испитаниците сметаат дека младите Роми се вклучени во политички партии.

- Студентите Роми придонесуваат кон уривање на предрасудите и стереотипите на останатите етнички групи.
- Со студирањето, тие ја менуваат перцепцијата за Ромите, докажуваат дека и тие се образуваат, се одговорни и успешни, рамо до рамо, со останатите граѓани.
- Исто така, Ромите придонесуваат и со самото вработување. Затоа што, познато е дека односот кон Ромите во јавните институции не е сосема соодветен и се соочуваат со потешкотии при реализација на своите услуги. Со вработувањето Роми во јавните институции, всушност, процесот се олеснува. Директниот ефект е тоа што Ромите се ангажираат и помагаат на своите сограѓани. Индиректно, со самото присуство на вработен Ром се менува односот на другите кон заедницата.

Порака од студентите до политичките лидери:
СТУДЕНТИТЕ ДА БИДАТ УПРАВУВАЧИ НА КОРМИЛОТО НА БРОДОТ, ЧИЈА ПОСЛЕДНА ДЕСТИНАЦИЈА Е ПОДОБАР СОЦИО-ЕКОНОМСКИ СТАТУС НА ЦЕЛАТА ЗАЕДНИЦА

Автори: Мухамед Ајваз и Сабина Рустемовска

Интервју

РОМА (УНИ) ВЕРЗИТАС – ТЕНДЕНЦИЈА ДА СЕ БИДЕ ЕДНО

ИНТЕРВЈУ СО ЕЛВИС МЕМЕТИ – ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РОМАВЕРЗИТАС

1. Што е суштината на постоењето на „РОМАВЕРЗИТАС"? Со каква мисија и визија пристапувате кон студентите Роми?

Драго ми е што и денес студентите на Ромаверзитас имаат можност да користат модел на неформално образование кој што придонесува за развојот на "колективни индивидуалци". Од постоењето на Ромаверзитас (од 2002 год) до денес, различни генерации поминаа низ една иста суштина. Всушност, суштината на Ромаверзитас е да го подржува развојот на ромската академска заедница. Тоа е успех на оние кои што ја подржаа и ја застапуваат идејата на организацијата, на оние кои што го менаџираа Ромаверзитас и секако продукт на генерациите кои што произлегоа и ќе произлезат благодарение на поддршката на Ромаверзитас.

Од оваа идеја (uni-versitas – tendency to be one) всушност произлезе уникатен модел/колеџ за поддршка на ромските студенти. Нашата **визија е дека ромските студенти од Ромаверзитас се препознатливи лидери кои што ја застапуваат Ромската заедница и придонесуваат за развојот на индивидуалните и колективните интереси на заедницата и општеството**.

Додека пак **мисијата на Ромаверзитас е пред се да ги зајакне личните и академските капацитети на ромските студенти и на младите Роми во Р. Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка за личен, професионален и колективен развој.**

Ромаверзитас им пристапува на студентите како сервис за поддршка кој што овозможува да го користат она што инаку не би можеле да го искористат на друг начин. Место каде што студентите ги градат своите искуства и ги споделуваат информациите, идеите и стандардите кои што ги спознаваат.

2.Од 2001 до 2013 година, „РОМАВЕРЗИТАС" беше Програма за образование на Роми. Зошто, од програма за образование прерасна во целосно ново и независно Здружение на граѓани?

Здружувањето на лица со исти или слични идеи заради остварување на заеднички интереси на конкретна група на граѓани е демократски и пред се природен процес. Програмата за образование на Ромите во рамките на ФООМ ја одигра својата улога преку поддршката која што тогаш ја имаше Ромаверзитас. Процесот на осамостојување или "спин оф" беше пропратен со подготовка на Стратегија за Ромаверзитас која што резултираше со формирање на самостојно здружение на граѓани. Тоа беше правилен избор на група од дипломирани студенти - алумни на Ромаверзитас кои што како основачи на здружението, подготвија проект за Ромаверзитас. Оваа самостојна идеја која што нудеше продолжување на моделот на неформално академско образование на ромските студенти, ја **доби поддршката од главниот донатор – Ромски Едукативен Фонд.** Ние *веруваме дека Ромаверзитас на овој начин може полесно да ја оствари својата Визија и мисија*. Впрочем, ништо за нас – без нас, е мотото кое што дава најдобар одговор на прашањето зошто една програма управувана од други - прерасна во целосно ново и независно здружение водено од нас. Ние веруваме дека сите заедно можеме да одговориме на предизвиците со кои што се соочува генерацијата на ромските студенти. Тука е и суштината на овој процес. Можеме да ги идентификуваме потребите на ромските студенти и соодветно да ги адресираме истите. Можеме да ги спроведуваме и застапуваме нашите идеи заради остварување на нашата крајна цел а тоа е – **Едуцирана Ромска академска заедница која што придонесува за развојот на Ромите во Република Македонија**.

3. На кој начин „Ромаверзитас" им помага на студентите Роми?

Во основата на моделот е **нееднаквоста во стартните позиции** – имено Ромите традиционално и историски немале **услови за фер и еднаков пристап во сите сфери на општествениот живот со посебен фокус на академскиот развој**, ние веруваме дека единствен пристап за унапредување на положбата е преку ***поддршка и градење на едуцирана ромска академска елита која што придонесува за колективниот развој.*** Затоа Ромаверзитас треба да го унапреди овој процес на создавање на кадри кои што покрај формалното образование низ универзитетите во државата, нуди обуки, тренинзи и работилници како и дополнителна академска помош заради образование кое што не се стекнува низ постојниот начин на студирање.

Со еден збор Ромаверзитас им помага на студентите да ги изградат своите индивидуални и академски капацитети и полесно да ги завршат додипломските студии, и при тоа **откако ќе дипломираат истите иницираат промени во општеството преку нивната секојдневна работа за поширокатa Ромска заедница**. Неколку индикатори се битни а тоа е *проодноста на ромските студенти во секоја наредна година на студии, успешното и навремено завршување на додипломските студии, остварување на повисок просек на студии, како и развој на професионални академски вештини.*

4. Може ли да го сублимирате досегашниот успех од функционирањето на Ромаверзитас ?

Во 2001 година имавме едвај 10 ромски студенти кои што беа редовно запишани во факултетите. Денес таа бројка е поголема од 300 ромски студенти. Секако придонес во сето тоа има и Ромаверзитас. Денес сите ромски студенти кои што поминале низ Ромаверзитас се носители на одредени позиции во администрацијата, ромските политички партии, НВО, во приватниот сектор итн. **Ромаверзитас како студентска организација, денес е препознатлив регионален модел**

5. Задоволни ли сте од постигнатото? Ако се вратите во минатото, дали и што би поправиле во подобро функционирање на Ромаверзитас?

Многу дожд прокапело низ она што е денес постигнато. Јас не можам да го присвојам успехот на она што сите заедно го постигнавме. Но горд сум што можам да сведочам за една жива историја која што ја создаваме. Ние во улога на имплементатори, донаторите (Ромскиот Едукативен Фонд) како поддржувачи и студентите како група , сите заедно го продолжуваме она што го почнавме во минатото. Имам впечаток дека порано постоеше поголем ентузијазам кај ромските студенти за поголема партиципација во се што беше организирано и подржано. Можеби таа еуфорија беше продукт на првобитната љубопитност за програми од овој тип. И во отсуство на такви програми, Ромаверзитас беше главното собиралиште на ромските студенти од претходните генерации.

Меѓутоа синдромот како да профункционира и тука и притоа со секоја следна генерација, партиципацијата и љубопитноста на ромските студенти како да исчезнуваше. Но можеби е тоа само мој личен впечаток. Јас нема да се вратам во минатото туку мојата енергија ќе ја искористам во сегашното делување на Ромаверзитас.

Ромаверзитас е за студентите и на студентите. Тоа не е организација од затворен тип, туку *движење на ромските студенти кое што се унапредува со учеството на секоја единка поединечно*. Тоа е **место каде што "извираат" идеи и иницијативи**. Наш простор каде што заеднички се подржуваме и градиме и преку кој што индивидуалниот успех станува колективен. Тоа е она што ќе му обезбеди одржливост и подобро функционирање на Ромаверзитас.

6. Што планирате за во иднина. Што да очекуваат идните студенти?

Во иднина очекуваме дека Ромаверзитас ќе продолжи со академската поддршка на ромските студенти и притоа тој процес ќе го надогради и со други иницијативи во интерес на ромските студенти. Тука пред се мислам на лидерството и зајакнување на поврзаноста на ромските студенти. Веруваме дека студентите кои што поминуваат низ овој тип на поддршка и програми преку кои што заедно ги проучуваат стандардите на универзалното делување, дека токму овие студенти во иднина полесно соработуваат и појасно се разбираат во водството кое што го предводат.

Ваша препорака до сегашните и идните генерации студенти Роми?

Многу скоро сретнав една извонредна оптимистичка изјава која што отприлика гласеше вака : ***На крајот се ќе биде добро. Ако не е добро значи сепак сеуште не е крајот.*** Го имаме само тоа што денес го создаваме и затоа земете ги работите во вашите раце за да другите бидат сведоци на тоа што сте го направиле.

Автори: Елсон Иљаз & Лебишка Селоска

Советуваме

СЛАВЕТЕ И ВНИМАВАЈТЕ: БУРНИ НОЌИ, ТЕШКИ ДЕНОВИ

Празниците, кои ни претстојат во наредниве два месеци, овозможуваат одмор за телото и психата од секојдневните обврски, но претставуваат и предизвик поради полните трпези храна како и прекумерната консумација на алкохол и цигари. Секој сака да слави и тоа е дозволено и потребно, но, исто така, неопходно е да се познаваат границите на консумација на храна и алкохол, особено за време на новогодишните празници.

Некои, со право, ја нарекуваат „Аматерска ноќ", затоа што луѓето се препиваат, прејадуваат и уште првиот ден од новата година го минуваат в кревет. Освен овој „подарок", новогодишната ноќ ќе ве дари и со МАМУРЛАК. И тука не завршува сé. Утрото после новогодишната ноќ носи уште поголеми незаборавни моменти, за жал, со маки. Следува главоболка, блага вртоглавица, мускулна и општа слабост, мачнина, жед, суво грло, поспаност, а некогаш и дијареја. Со вакви маки, славењето завршува. Затоа, Ви препорачуваме совети за детоксикација на организмот за и по новогодишната ноќ:

Борба со мамурлакот

Одморот и мирувањето се најдобар лек за мамурлак. По будење, добро е уште некое време да се остане в постела. Потоа корисно е туширање со топла вода. Откако ќе се одморите, излезете на прошетка, на чист воздух. Затоа што, секое движење помага во ослободување на насобраните отровни материи (алкохол, никотин, преобилна мрсна храна).

Што да јадете?

Внесувајте храна богата со витамините Б и Ц (житарки, компири, банани, киви, брокули, јагоди, портокали), затоа што алкохолот ги „одзема" од организмот.

Што да пиете?

Со оглед дека дехидрираноста е основна причина за мамурлак, испијте чаша вода меѓу секоја чашка алкохол. И колку и да сакате филџан кафе наутро, обидете се да го избегнете, бидејќи дополнително ќе ве дехидрира. Пијте многу течности-вода, незасладени чаеви, јогурт...За да го забрзате процесот на детоксикација, во водата додадете малку лимон -познат чудотворец на детоксикацијата.

Како да го исфрлите отровот од организмот?

Преголемиот внес на алкохол предизвикува оксидативен стрес и воспаленија. Противотрови? Овошје и зеленчук (боровинки, домати, цитрусно овошје, спанаќ и брокули). Зелениот чај, исто така, е добра замена за кафе и ќе ви даде енергија.

Освен алкохолот, да не ги заборавиме и цигарите - едно од најскапите и најопасните задоволства. На голем дел од пушачите им е смачено кога некој постојано им укажува на штетните влијанија од пушењето, но убаво е повремено

да ги потсетиме на штетните влијанија.

Никотинот дава пријатно чувство на пушачите, предизвикува зависност, речиси слична на таа од хероин и кокаин. Но, покрај краткотрајните лоши ефекти (лош здив, жолта преобилност на забите, губење на потпорниот ефект на забите, појава на брчки, како и промена во телесната тежина), може да предизвика и серија долготрајни последични ефекти: кардиоваскуларни заболувања, зголемен ризик од мозочен удар, астматичен напад, нарушувања во функцијата на репродуктивното здравје, како и рак на белите дробови, кој за жал, зема сé поголем замав.

Заклучок:

Почитувајте две златни правила:

- свежата храна секогаш е подобро решение од суплементи и
- по можност, таа да биде што поразновидна.

Автори: Сабина Рустемовска & Сумеа Рахим

Препорачуваме

ADBLOCK – НАЈКОРИСНАТА АЛАТКА ЗА CHROME И ВАШИОТ КОМПЈУТЕР

Сите ние сме сведоци на досадните реклами кои од нигде никаде ни излегуваат при пребарување на интернет и навистина не нервираат. Дополнително се причина број еден за ненадејно инсталирање на непосакуван софтвер и за случаен клик на одредена страна каде што има безброј вируси.

Дополнително при стартување на вашиот Chrome пребарувач не добивате нормална почетна страна туку некој search провајдер за кој не сте ни свесни дека сте го инсталирале како и многу toolbox-ови кои го намалуваат видното поле предвидено за сурфање. Тука се и досадните YouTube реклами кои не ве остваат да го гледате посакуваното видео на мир. За да ставите крај на тоа, во овој дел на ИТ совети ќе ви прикажам постапка за инсталирање на AdBlock на вашиот Chrome пребарувач со кој ќе се спасите засекогаш од горенаведените проблеми.

Напомена: Доколку не користите Chrome веднаш направете го тоа, затоа што е најлесен за употреба, Google пребарувањето е подобро и поефикасно и има најразлични екстензии од овој тип за спас од различни проблеми.

Во продолжение погледнете ги постапките за инсталација на AdBlock на вашиот Chrome пребарувач и следете ги за успешна инсталација. На посебен таб отворете го следниот линк: https://getadblock.com/



По отворањето на линкот ќе ви се појави следниот приказ на кој кликнувате на синиот правоаголник именуван „GET ADBLOCK NOW!"

Веднаш штом ќе кликнете на синиот правоаголник ќе ви се мало прозорче каде кликнувате на копчето „Add extension".

На нов таб ќе ви се отвори следниот приказ и веднаш ќе се наполни сината линија и ќе ја добиете соодветната порака прикажана на сликата.

Веднаш по пораката на Слика 3 ќе ви се отвори следниот приказ на кој има детали за донација/наплата, но слободно можете да го исклучите овој таб.

За проверка на тоа дали AdBlock е инсталиран го проверувате горниот десен агол на пребарувачот каде треба да имате икона како на сликата. Со клик врз иконата ќе ви се појави мал прозорец со детали. Сега откако сте ја инсталирале оваа навистина значајна алатка следејќи ги овие 5 лесни чекори можете да уживате во подобностите на вашиот пребарувач без да се грижите за досадните реклами, вируси и ненадејни прозорци.

Автор: Кенан Таир

Застапуваме

ТУТОРСКА ПОДДРШКА ЗА ОСНОВЦИТЕ

Околу 3.300 ученици Роми добиваат дополнителна туторска поддршка преку имплементација на проектот „Туторска поддршка на ученици Роми кои учат во основното образование во Република Македонија". Овој проект се имплементира во 18 општини/локации во земјава - Шуто Оризари, Чаир, Ѓорче Петров, Карпош, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Прилеп, Битола, Штип, Кочани, Виница, Делчево, село Црник, Пехчево и Берово, односно во 36 основни училишта.

Проектот, втора година по ред, го спроведува Здружението на граѓани за поддршка на маргинализирани групи „Ромски Ресурсен Центар" од Скопје, во партнерска соработка со Асоцијација за Демократски Развој на Ромите „Сонце". Финансиски, проектот е поддржана од Ромскиот Едукативен Фонд од Будимпешта, а клучни партнери во реализацијата на проектот се: Министерството за образование и наука, Педагошкиот факултет "Св. Климент Охридски" – Скопје, Универзитет "Св. Климент Охридски" – Битола, Државен Универзитет Тетово, Универзитетот на Југоисточна Европа и Универзитет „Гоце Делчев". Овој проект почна пред две години и завршува на 31. јули 2017 година. Во негова имплементација учествува Конзорциум од 12 невладини организации, под лидерство на Ромскиот Ресурсен Центар – Скопје.

Главна цел на проектот „Туторска поддршка на ученици Роми кои учат во основното образование во Република Македонија" е да се зголеми проодноста и образовните резултати кај учениците Роми кои учат во четврто, петто и шесто одделение во основното образование. Специфична цел која треба да ја постигне проектот е да се обезбеди дополнителна образовна (туторска) поддршка за 1600 ученици Роми во учебната 2015/2016 и 1730 ученици во учебната 2016/2017 година кои покажуваат слаби образовни резултати. За потребите за реализација на туторската настава за првата година од имплементацијата на проектот ангажирани се 90 тутори

Од досегашната реализација на проектот се постигнати одлични резултати:

- Зголемено знаење и успехот по мајчин јазик кај 63.12% од учениците
- Зголемено знаење и успех по математика кај 68.25% од учениците
- Намален осип за 38% од вкупниот број на осипани ученици Роми (174) во овие одделенија
- 75.81% од вкупниот број ученици кои редовно присуствувале на туторски часови
- Од вкупниот број опфатени ученици, 92.28% успешно го завршуваат одделението
- Зајакнати капацитети и зголемени знаења кај повеќе од 100 тутори
- Унапредена соработката со 36 основни училишта во Република Македонија, со 10 локални невладини организации

Автори: Тим на РРЦ и НВО Сонце

Анализа

РОМИТЕ ДА ИЗБЕРАТ ЗА СВОИТЕ ИНТЕРЕСИ

Уште еднаш сме пред циклус на парламентарни избори. По неколку неуспешни обиди за обезбедувања на основните демократски принципи во државата и услови за фер и демократски избори, елитистичкиот политички кордон на Македонци и Албанци, конечно, се договорија за 11 декември како ден за исполнување на сите предуслови и одржување на предвремени парламентарни избори. Уште еднаш политичките партии ги активираа ограноците, почнаа со регрутирање на граѓани и припрема на програми, ветувања и планови. Додека пак, граѓаните на Република Македонија уште еднаш добиваат можност да го полагаат демократскиот тест за излез од политичката криза со надеж за напредок и подобар животен стандард во државата. Покрај веќе познатите дискурси за патриоти и предавници, црвени и плави, чувари на татковината и платеници, овој пат, изборите се важни за зрелоста и политичката култура за најважните три правила – Излези да гласаш, Гласај по свое и Не дозволувај да те купат.

Ромите секогаш имаат претставник во законодавниот дом

На овие избори, покрај веќе познатите кандидатски листи од сениорските партии, учествуваат нови партии од сите блокови. Во македонскиот блок, покрај ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ со своите коалиции, ќе учествуваат и новата коалиција за Промени и Правда предводена од Демократскиот сојуз, ФРОДЕМ, МОРО-РП и ДЕМОС, Коалицијата „ВМРО за Македонија" на ВМРО - Народна партија, Обединети за Македонија и Достоинство, додека Левица и Либералната партија учествуваат како самостојни партии. Во албанскиот блок, покрај ДУИ и ДПА, во овие избори се вклучува коалицијата „Алијанса за Албанците" на Унитети, Движењето за реформи – ДПА и НДП, додека Беса и ПДП учествуваат самостојно[1]. Во ромскиот блок, исто така, има промени со учеството на Куртиш Дудуш во СДСМ, додека СРМ, ОПЕ, ДСР, ПЦЕР,ДПР, РОМ и ПИР преговараат за поголем колач во македонските коалиции.

Покрај 8 циклуси на избори од осамостојувањето на државата, во различни изборни модели вклучувајќи го мнозинскиот, мешовитиот и пропорционалниот, интересно е да се напомене фактот дека Ромите секогаш имале еден или двајца политички претставници во законодавниот дом. Додека другите партии немале за цел да обезбедат пратеник, иако обезбедувале други места во институциите за донесување одлуки. Ваквите резултати ја позиционираат Ромската заедница во Македонија како напредна во споредба со другите држави од соседството и подалеку. Во овој деветти циклус на избори, прв пат, Ромите ќе имаат тројца кандидати на листи кои делумно котираат на експериментално место за освојување мандат. И на овие избори во игра повторно влегуваат двете најголеми македонски партии за обезбедување парламентарни мандати. СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ, по деветти пат, се главните одлучувачи и коалиционери на ромските партии. Иако Ромите имаат седум активни политички партии, никогаш ниту една од партиите не одлучи да учествува самостојно на парламентарните и локалните избори. Дебатирајќи за резултатот, дали Ромите можат да изгласаат пратеник, хипотетички ромските партии можат постизборно да коалицираат врз основа на нивната програма или интересот на електоратот. Овој пат, свежо име во ромскиот блок е Куртиш Дудуш, кој претходно се кандидираше за градоначалник на општина Шуто Оризари. Настапува со СДСМ и е кандидат број 7 во изборна единица 2. Амди Бајрам настапува со неговата матична партија СРМ, која останува лојална на својата претходна коалиција со ВМРО-ДПМНЕ на кандидатско место број 5 во изборна единица 2. Самка Ибраимоски, кој имаше турбулентни преговори со опозицијата, повторно настапува со ПЦЕР, во коалиција со СДСМ на место број 10 во изборна единица 5.

Во анализа на претходните три циклуси на парламентарни избори може да забележиме дека најголема веројатност за избор од овие кандидати ја има Амди Бајрам, затоа што традиционално го добива кандидатското место број 5 во изборната единица број 2.

[1] http://a1on.mk/wordpress/archives/669954

ВМРО-ДПМНЕ, во таа изборна единица, освоила минимум 9 пратенички места, максимум 11. Тоа потврдува за добитната комбинација на СРМ во коалиција со ВМРО-ДПМНЕ. Верниот опозиционер во овој мандат, Самка Ибраимоски е ставен во изборна единица број 5. Тој го има кандидатското место број 10 на листата, кое е тешко за освојување во таа изборна единица.

Ибраимоски има мала веројатност за освојување на овој мандат затоа што СДСМ во изборна единица број 5 освоила минимум 5 мандати во 2008 година и максимум 8 мандати во 2011 година. Затоа, местото на кандидатот Ибраимоски има тешка веројатност да биде освоено. Иако многумина очекуваа тој да котира високо на листата, сепак, според договореното со СДСМ се посочува дека ПЦЕР ќе го добие 10то место. ПЦЕР, како опозиционерска партија, не го добила реципроцитетното местото кое го заслужува на листата со оглед на залагањата и резултатите за СДСМ. Останува на 11 декември да се види комбинацијата и пазарењето за останати позиции, освен пратеничките места. Познати се многу сценарија, но сето тоа ќе зависи од преговорите за моќ. Куртиш Дудуш, со местото број 7, теоретски има можност да го освои мандатот затоа што, во последните три циклуси на избори, седмиот од листата на СДСМ бил избран во 2011 година. Во 2008 година, СДСМ освои само три мандати во изборната единица 2, а во 2014 освои 5 мандати. Ваквите неконзистентни резултати на СДСМ ја отежнува предвидливоста во изборната единица број 2, затоа што традиционалниот електорат варира низ годините. Затоа, Дудуш како ново име во СДСМ е поставен седми во листата со цел да го привлече ромскиот електорат во оваа изборна единица.

Ромите - клучен глас за победа на изборите

Ако ја анализираме моќта на гласачите Роми, најпрво мора да нагласиме дека Република Македонија, од 2002 година до денес, нема спроведено попис. Според последниот попис, во Македонија имало 53.079 Роми или 2.6% од вкупниот број на население во државата. После 14 години, речиси невозможно е да проектираме бројка која може да биде во маргина на грешка од +/- 5% на вкупно гласачи Роми во државата. Исто така, мора да се забележат и останатите фактори во текот на последните неколку години, како што се бројот на Роми без документација, нерегистрирани во изборниот список, миграцијата и се разбира, срамот за идентитетот. Покрај сите фактори, важен детерминант за успешни избори кој може најмногу да ја комплицира целата ситуација е излезеноста за денот на изборите, која на последните избори во 2014 година, Ромалитико забележа дека 26% од испитаниците во истражувањето за јавното мислење не излегле да гласаат.

Сето ова изгледа тешко за разбирање и многу би го поставиле прашањето како Ромите имаат моќ ако се само 2 или 3% во државата. Сепак, Ромите, неколку пати во изборните циклуси го имале клучниот глас за победа на локални и парламентарни избори. Такви примери се забележуваат во неколку општини, односно изборни единици. Еден од примерите се локалните избори во Кичево во 2013 година, кога Деспотовски и Дехари се натпреварувааа за градоначалничкото место во општината. На тие избори, а тоа го потврдија и самите кандидати, бројот на Роми и Турци во општината го одлучија новиот победник на изборите во Кичево. Ваков пример исто се бележи во Струга кога Зијадин Села стана градоначалник, Невзат Бејта во Гостивар и Теута Арифи го освои Тетово. Ваквиот начин на жироскопно претставување на Ромите успева кога кандидатите се во мала разлика, а Ромите се главен адут за обезбедување победа на изборите. Исто така, уште еден доказ што ја докажува моќта на гласот на Ромите се локалните избори. Ромите во неколку општини успеваат да обезбедат советници во локална самоуправа. Во овој пример се вклучува и Штип, покрај општините од Западна Македонија каде што има двајца советници Роми. Секако, кога Ромите немаат избор за дескриптивен тип на претставување во институциите, тогаш стратешки се преговара со партиите кои ги земаат в предвид интересите на Ромите.

Така, Ромите имаат претставник кој не е од Ромско потекло, но ги зема в предвид нивните интереси затоа што ја направиле разликата за неговата победа. Со тоа, Ромите имаат преголема моќ со нивниот глас, но во многу од ситуациите, самите не се свесни за таа моќ. Традиционално, Гостивар два изборни циклуси го користат предизборниот момент да коалицираат и ова е

клучен момент кога се потребни гласови за кандидати кои би преговарале со заедницата за нивните потреби и интереси во општината. Ваквите примери укажуваат дека Ромите имаат можност да ја искористат моќта на нивниот глас и да одлучат. Секако, не секогаш ваквиот момент оптимално е искористен. Ваквите позитивни примери се малку, затоа што Ромите често го користат моментот да преговараат за интерес кој е краткорочен и брзо се спроведува а со тоа обезбедува мандат од четири години моќ на партија, односно кандидат. Во ваквите моменти, посебно пред избори, важно е Ромите како заедница да ги идентификуваат долгорочните интереси и потреби на заедницата и заеднички да ги застапуваат во политичките партии за време на преговорите.

Таквиот пристап ќе обезбеди поголема ефективност во доброто на заедницата, не само на индивидуалецот. Интересите на заедницата ќе бидат артикулирани од страна на политичките партии само ако имаме единечен пристап кон преговарање за интересите. Ако политичките партии имаат можност да го разединат ромскиот електорат, тоа дава поголема можност да се купи ромскиот глас за евтини пари или друг вид на ресурс кој нема да ја подобри ситуацијата на гласачот Ром. Со тоа, политичката партија или кандидатот не чувствува одговорност да биде отчетен кон платениот глас, затоа што по навика, ќе се обиде повторно да го купи затоа што веќе еднаш го платил.

Да се коалицира со албанска партија

Иако не можеме да го искористиме максимумот од изборниот модел, најдобрата комбинација во ваквиот модел е искористена. Партиципативноста е голема во различни форми, вклучувајќи ромски и македонски партии, но има простор за партиципација и во албанските партии, односно коалицирање со албанскиот блок. Една од причините за неискористување на максимумот на избори е токму коалицирањето. Ниту една ромска партија, на досегашните парламентарни и локални избори, официјално не коалицирала со албанска партија. Овој потег и претходно го забележавме и препорачавме на ромските партии да го искористат моментот на преговори и да коалицираат со албанска партија во Западна Македонија затоа што поголеми се шансите да добијат мандат, односно други раководни места во Владата на Република Македонија. Неколку пати оваа опција неофицијално се преговарала во Западна Македонија и резултирала во остварување на договореното со албанските партии. Сепак, ромските партии ја играат улогата на лојални партнери на македонските големи партии кои се задоволуваат со тоа што ќе биде дадено а не преговарано.

На крајот, останува на нас граѓаните уште еднаш да се запрашаме дали и овие избори ќе бидат кор сокак или момент на прогрес и посветла иднина која ќе вети држава, која ќе обезбеди еднаквост на граѓаните вклучувајќи ги и Ромите како конститутивен народ на Република Македонија. Важно е да не заборавите дека вашиот глас е ваша одговорност.

Romalitico
ROMA POLICY ANALYSES

Автор: Тимот на Ромалитико

Ромски идентитет

РОМСКИТЕ КНИЖЕВНИ ДЕЛА – БОГАТСТВО ВО МАЛО КОВЧЕЖЕ

Од вековното патување на Ромите од Индија, речиси до сите краишта на земјината топка, со себе го носеле својот јазик. На идните поколенија го пренесувале, исклучиво, во усна форма. Многу малку ромски автори низ историјата може да се пофалат со печатени дела. Литературата на ромски јазик, напишана од ромски автори на други јазици, своите почетоци ги бележи во 20-тиот век.

Во Македонија, првите печатени дела на ромски јазик, како и дела во кои се третираат историографски или лингвистички теми, се забележуваат во осумдесеттите години на минатиот век. Најголемиот развој на книжевноста на ромскиот народ , во нашава земја, се бележи кон деведесеттите години на минатиот век, кога сé повеќе се собирале ромските поети чии дела не биле објавени во книги. На овие дружење учествувале и познати претставници на поетското творештво и од други етнички заедници кои живеат во Македонија. Овие поетски средби навестиле период на интензивен развој на ромската книжевност, особено поезијата. Така се издаваат книги поезија на авторите Љатиф Демир, Шабан Илјас, Рамадан Сејфула и се започнува со издавање на збирки поезија од повеќе ромски автори. Во овој период се истакнува и ромската романсиерка Акиле Еминова, која својот прв роман „Аманет" го напиша на македонски јазик. Следува период во кој најмногу внимание се посветува на историографски и лингвистички дела, во авторство на д-р Љатиф Демир, самостојно или во соработка со други автори. Здружението на љубители на ромски фолклор „Романо ило" од Скопје издаде низа ромски книги, претежно на д-р Трајко Петровски, кој воедно се осврнал и на детската литература.

Латиф Демир	„ГраматиканаРомскиотјазик"	
Севдија Демирова Абдулова	„Лавиринтите на душата" „Мојот прв буквар"	
Екрем Јашаров	„Среќниот сребрен клуч"	
Шаип Јусуф	„Граматика на Ромски јазик"	
Трајко Петровски	„Ромски јазик и култура"	

Во последните години, ромската книжевност бележи значајна стагнација. Објавени се книги од Екрем Јашаров и Севдија Д. Абдулова, како и збирка стари ромски приказни од постари автори Роми. Малиот број издадени книги на ромски јазик во земјава, во последно време, не се должи на незаинтересираноста на ромските автори или на недостаток на инспирација, туку најголемиот приоритет кај нашата заедница имаат четири други области: домување, вработување, образование и здравство. Културата, јазикот и книжевноста се ставени во втор план.

За авторката, која минатиот месец го збогати ромскиот ковчег со издавање нова граматика за деца „ Mo avgo lil sabdakoncar", Севдија Д. Абдулова, ромските автори своите книги се принудени да ги чуваат во фиока сé до моментот кога ќе се изнајдат доволно финансиски средства за нивно издавање. Затоа, на годишно ниво, ромското книжевно ковчеже мора да се задоволи со неколку изданија сé додека културните активисти и автори не соберат сили да ги артикулираат своите потреби за ромското книжевно богатство навистина и да се гордее со овој епитет.

РОМСКИ РЕЧНИК

Ромскиот јазик има широка примена и се користи во различни сфери на општествениот живот. Во рамки на образовниот процес, ромскиот јазик се изучува во основното училиште и во одреден временски период, се изучуваше на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" при Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј". Ромскиот се применува и во медиумите.

Поради унифицирање и кодификација на јазикот и за подобро познавање на сопствените зборови, кои полека, но, сигурно се губат од секојдневната употреба на примеси од македонскиот и други јазици, речникот беше неопходна алатка. Во различни земји, ромскиот јазик прима примеси од националниот јазик којшто се говори. Речникот претставува патоказ и извор на зборови коишто ќе ги користат Ромите.

Исто така, во 2010-та година, е издаден нов и видоизменет речник на ромскиот јазик, достоен за пофалба и признание на авторите Љатиф Демир и Фатиме Демир. Издавањето на овој речник беше во насока на намалување на постоечкиот јаз меѓу Ромите и останатите граѓани во Македонија. Ова е стабилен темел за зачувување и негување на ромскиот јазик од следните генерации и поколенија. Речникот содржи голем број основни поими во ромскиот јазик, но и поими од областа на општетствено - хуманистичките науки. Изборот на поимите ги задоволуваат основните барања на современата лексикологија.

Ромски јазик	Македонски јазик
Lačhe aviljan	Добредојде
Sar si to anav?	Како се викаш?
Ko savo univerziteti studirineja?	На кој универзитет студираш?
Kothe šaj te arakhav romano lavustik?	Каде можам да најдам ромски речник?
Ov sasto!	Благодарам
Mangava tuke lačho dive	Ти посакувам пријатен ден
Dži dikhipe	До видување
So šaj akate te hav?	Што може да јадам овде?
Šaj te lav jekh taxtaj pani? –	Може ли да земам чаша вода?
Khere li si to dad?	Дома ли е татко ти ?
Kote arakhljola e reizeskiri adzikerutni?	Каде се наоѓа автобуската станица?
Kobor love trubul te dav?	Колку треба да платам
Ov tu mange dživdo thaj sasto!	Да си ми ти мене жив и здрав

Автори: Џемилиана Абдулова & Мухамед Ајваз

Разговор

СЛЕДЕТЕ ГО СОНОТ: БАЈСА АРИФОВСКА - музичар

Уметникот не секогаш може да го одвои професионалното од приватното. За нив честопати се вели "ах, тие уметниците се посебен свет"! Доколку човек не ве знае приватно и само го следи вашиот професионален пат или развој, некогаш многу лесно може да допре до вашата душа, карактер.

Љубовта кон музиката кај мене почна да се развива од рана возраст, веројатно поради некој генетски фактор како прв причинител. Но, сметам дека индивидуата што го носи овој дар, настојува помалку или повеќе да го гради тоа во секој миг. Исто така, местата каде што го минав поголемиот дел од детскиот живот (источна Македонија, поконкретно Берово, Делчево, Македонска Каменица), се предели кои сами по себе зрачат со фолклор и традиција. Моите детски игри меѓу другото беа и следење свадби или случувања на отворено со свирење. Посебно, се сеќавам, зурлите и тапаните, бендовите и мешаните музички состави, кај мене, будеа посебни емоции.

Така, таа љубов, полека ме обземаше и љубопитноста си го правеше своето понатаму Како прв инструмент, ако може така да се нарече, беа некои импровизирани удиралки, кои сама ги правев од лимени канти излепени со стара рендгенска фолија или широки фластер траки. Додека, првиот вистински инструмент – мандолина, го добив од баба ми (по мајка) за мојот 7-ми роденден. На прашањето - "На колку инструменти сега свирите?" Одговарам секогаш со - "Не знам..." А можеби веќе и не е битна толку бројката на инструменти отколку каде човек ќе се најде функционален, поточно мулти функционален нели..!?. Обично луѓето што свират повеќе од еден инструмент, знаат што значи свирачка рутина и колку тоа е одговорно во дадени моменти. Многупати е и тешко да се остане постојано во иста добра кондиција, така да бројката е менлива. Но еве... би рекла нека се некои 10-15 инструменти на кои досега одговорно и професионално одговарам на свој веќе препознатлив начин. А околу "Пат до успехот" мислам дека тоа не се планира однапред, и според мене е индивидуална работа са секого.

Што и за кого нешто претставува успех!? Јас знам, дека се следев себеси... Студентски денови... Почнувајќи од мојата главна цел -да ги завршам студиите редовно, и што е можно повеќе да стекнам квалитетно знаење и пракса. Потоа, се си носи свои искуства, предизвици, можности...

Се сеќавам, на почетокот имав потешкотии од финансиска природа. Онаа, за повеќето студенти позната битка дали ќе се помине месецот со минимални услови за студирање, па животот во студентски дом и недостаток од соодветен простор за работа и усовршување. Во тој ученички период, надвор од дома, почнав да свирам и свадби со позајмени инструменти. Од друга страна, секогаш доколку имате јасна претстава и слика за себе си и поставена цел, тогаш ништо не може да Ви биде препрека.

Во музичката педагогија, но и во професионалниот живот, се е индивидуално. Не постои формула за успех која вели дека тој е резултат на талент или на напорно вежбање. Поминувањето време со учениците повеќе од предвидениот час е исто од голема полза за тие што се работливи и бараат знаење како свирење самостојно или во оркестар, а напорното вежбање би го заменила со одговорност или вежбање колку се има потреба. Музиката во никој случај не би требало да биде напор туку љубов за да се постигнат и најмалите резултати.

Уште во студентските денови, како една од најдобрите студенти на професорот Драган Даутовски, како што тој обично милува да каже, почна професионална соработка. Кога бев апсолвент, ми ја довери сопствената професорка работа во средното музичко училиште „Илија Николовски – Луј", како професор по Народни инструменти. Спојот, за мене, беше повеќе од јасен, поради она чувство кога си го пронашол својот вистински професор.

Денес, професионално, сум дел од државниот ансамбл за народни песни и игри „Танец", како стручен сценски соработник, изведувач на повеќе инструменти и раководител на Оркестарот. Секако, тоа бара огромна посветеност и познавање на музика, танц, пеење и на музичкиот инструментариум во широк спектар. Ме исполнува работата со зрели уметници и особено со задоволство творам, пишувам и работам за овој ансамбл веќе три години. На крај, она што сакам да им го порачам на студентите Роми е да го следат својот сон и да ги развиваат и истакнат сопствените способности.

Автори: Лебишка Селоска & Елсон Иљаз

За Ромаверзитас

Проектот Ромаверзитас започна во август 2001 година како модел на неформално образование, наменет за студенти Роми кои студираат на додипломски студии во универзитетите во Република Македонија.

Ромаверзитас од програма на ФООМ премина во Здружение на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" од Август 2015 година, финансиран од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Визија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС"
РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која е препознатлив лидер за поддршка и развој на проактивни и квалитетно едуцирани Роми, кои ја застапуваат ромската заедница и се активно вклучени во процесите на креирање и донесување на јавни политики на локално и национално ниво.

Мисија на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС"
РОМАВЕРЗИТАС е граѓанска организација која активно работи за зајакнување на личните и академските капацитети на средношколците, студентите и младите Роми во Република Македонија, преку обезбедување на академска и неформална поддршка, како и поддршка за личен развој.

Цели на проектот

- да се зголеми бројот на студенти Роми во државните и приватните универзитети во Република Македонија;
- да се зголеми вклученоста на студенти Роми во високото образование преку обезбедување индивидуална, академска и неформална поддршка;
- да се подобрат академските перформанси, постигнувања, индивидуални вештини и капацитети на студенти Роми запишани во државните и приватните универзитетите во Република Македонија;
- да се креира средина за општествена партиципација на младите Роми во Република Македонија за прашања кои се поврзани со инклузија на Ромите;
- да се формира РОМАВЕРЗИТАС алумни од Роми со завршено високо образование кои беа поранешни корисници на активностите на РОМАВЕРЗИТАС.

Средствата за електронското списание Рома Индекс, како дел од проектот се обезбедени од Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

Ставовите и мислењата објавени во текстовите на Рома Индекс се ставови на авторите и не се одраз на ставовите и мислењето на Здружението на граѓани „РОМАВЕРЗИТАС" и Ромскиот Образовен Фонд (РЕФ) од Будимпешта.

romaversitas

ROMA EDUCATION FUND